Дипломата креира лидери – учи медицина

# Роми Медицинари



**Издава** Ромски ресурсен центар Скопје
Publisher Roma Resource Center Skopje

**Фотографија**
**Техничка обработка на фотографии**
**Дизајн** Рамчо Кундевски
Photography Ramcho Kundevski
Photo post-processing
Design

**Поддржано од** Фондации отворено општество - Програма за јавно здравство
Supported by Фондација Отворено општество Македонија
Open Society Foundations - Public Health Program
Foundation Open Society Macedonia

февруари 2015
February 2015

## Ромски ресурсен центар Скопје

Здружението на граѓани „Ромски ресурсен центар“ е невладина организација лоцирана во општината Шуто Оризари во Скопје. Главно обезбедува советодавна и едукативна поддршка на ранливите групи од ромското население кои имааат потреба од помош во областа на правата од социјалната и здравствената заштита, вработувањето и образованието.

Ромски ресурсен центар од 2010 година е партнер на Фондацијата Отворено општество Македонија во имплементацијата на Компонентата за застапување во рамките на Програмата за медицински стипендии за Роми.

## Roma Resource Center Skopje

Association of citizen “Roma Resource Center” is a non-governmental organization located in the municipality of Suto Orizari in Skopje. The organization is mainly providing advisory and education support to the marginalized members of the Roma community who are in need of assistance in the area of rights to social and health protection, employment and education.

Roma Resource Center since 2010 is a partner of the Foundation Open Society Macedonia in the implementation of the Roma Health Scholarship Program’s Advocacy component.

## СОДРЖИНА

10 | Ариф Пини
18 | Салија Љатиф
24 | Хадис Арсланов
30 | Сара Салиха
36 | Селма Еминоска
42 | Пашија Фејзула
48 | Сабина Љатиф
56 | Ерол Фуад
62 | Ерол Уко
68 | Мукадес Илјаз

## CONTENT

Arif Pini | 10
Salija Ljatif | 18
Hadis Arslanov | 24
Sara Saliha | 30
Selma Eminoska | 36
Pashija Fejzula | 42
Sabina Ljatif | 48
Erol Fuad | 56
Erol Uko | 62
Mukades Iljaz | 68

# ВОВЕД

Оваа публикација претставува збирка на фотографии на 10 млади Роми кои учат/студираат медицина во Македонија.

Сите студенти и ученици имаат одличен успех и се истакнати во освојата област.

Публикацијата е наменета за подигнување на свеста на пошироката популација и особено на носителите на одлуки во областа на здравството за зголемување на вклученоста на медицинскиот ромски кадар во професионалните здравствени институции.

Публикацијата презентира дел од стипендистите на Програмата за медицински стипендии за Роми кои имаат постигнато значајни резултати или пак се пионери Роми во областа во која што се едуцираат.

**Фото-приказните се подготвени во рамките на проектот - "Камп за застапување 2013/2014" имплементиран од страна на Ромскиот ресурсен центар.**

# INTRODUCTION

This publication is collection of photographs of 10 young Roma who study medicine in Macedonia.

All students have excellent academic success and are leaders in their area.

The publication is aimed to raise the awareness of the general population and particularly the duty bearers in the area of health to increase the inclusion of Roma medical staff in professional public health institutions.

The publication introduces part of the RHSP beneficiaries who have achieved significant results or represent pioneers Roma in their area of education.

Photo stories are prepared as part of the project "Advocacy Camp 2013/14", implemented by the Roma Resource Center.

# ПРОГРАМА ЗА МЕДИЦИНСКИ СТИПЕНДИИ ЗА РОМИ

Програмата за медицински стипендии за Роми е прва специјализирана програма за поддршка на студенти и ученици Роми кои учат/студираат медицина.

Реализацијата на оваа програма се одвива под мотото "*Дипломата креира лидери – учи медицина*" и нејзина цел е да се зголеми бројот на Роми со завршено медицинско образование кои ќе придонесат за унапредување на пристапот до здравствените услуги за Ромите.

Програмата за медицински стипендии за Роми се реализира преку активностите во четирите компоненти: 1) финансиска поддршка (стипендија), 2) менторство, 3) обука за застапување и 4) медиумска компонента.

Програмата им овозможува на стипендистите поддршка за постигнување на нивниот целосен професионален потенцијал, развивање на нивните образовни можности преку стипендии, како и градење на лични вештини и нивно зајакнување за подобрување на здравствените услуги за ромската популација.

Програмата за медицински стипендии креира сериозни идни лидери во областа на подготовката и имплементацијата на политиките во јавното здравство, особено во делот на политиките за подобрување на здравствениот статус на Ромите и подобрување на

# ROMA HEALTH SCHOLARSHIP PROGRAM

Roma Health Scholarship Program is the first specialized program for support of students Roma who study medicine.

The program is implemented under the motto "Diploma creates leaders - study medicine" and its objective is to increase the number of Roma with completed medical education who will contribute to advancing the access to health care services of Roma.

Roma Health Scholarship Program is implemented through activities in four components: 1) financial assistance (scholarship), 2) mentorship, 3) advocacy training, 4) media component.

The program enables beneficiaries support to achieve their full professional potential, development of their education perspectives through scholarships, as well as building of their personal skills and their strengthening for improving healthcare services for Roma.

Roma Health Scholarship Program creates serious leaders in the preparations and implementation of public health policies, particularly in the area of public policies for improving the health care status of Roma and improving the access of Roma to the healthcare system.

Roma Health Scholarship Program supports regular students enrolled at under-

пристапот на Ромите до здравствениот систем.

Програмата поддржува редовни студенти на додипломски, магистерски или докторски студии како и средношколци кои учат во средните медицински училишта.

Програмата во Македонија се реализира од 2010 година и ја имплементира Фондацијата Отворено општество Македонија. Финансиските средства за оваа програма се обезбедени од Ромскиот образовен фонд и Програмата за јавно здравство при Фондациите отворено општество – Програма за здравјето на Ромите.

## Успех на програмата

- Зголемување на бројот на Роми кои се запишани на специјализација по медицина.
- Зголемување на бројот на студенти Роми кои студираат на медицинските факултети.
- Зголемување на бројот на ученици Роми запишани во средните медицински училишта во Република Македонија.
- Подобрен квалитет во успехот на стипендистите преку менторска поддршка.
- Промовирање на медицинарите Роми преку учество на симпозиуми, конференции и семинари од областа на медицината.
- Подобрени јазични вештини.
- Зајакнати лични вештини кај стипендистите во областа на здравствените политики за Ромите во Македонија, застапување во креирањето на јавни политики, преговарање, презентациски и комуникациски вештини.
- Овозможување на практична работа во медицински институции и други организации.
- Јавни настапи и презентации на стипендистите на јавните печатени и електронски медиуми на национално ниво.
- Подобрена претставеност на медицинарите Роми помеѓу ромската популација.

graduate, master and doctor studies as well as high school students enrolled in vocational medical schools.

Roma Health Scholarship Program in Macedonia is implemented by the Foundation Open society Macedonia. Financial support for the program is provided by the Roma education Fund and the Public Health Program part of the Open Society Foundations - Program for Roma health.

## Success of the program

- Increase of number of Roma enrolled at specialization.
- Increase of number of Roma students enrolled at Medical faculties.
- Increase of number of enrolled Roma students at secondary medical schools.
- Improved academic success of beneficiaries through the mentorship component.
- Promotion of beneficiaries through participation at professional medical events such as symposiums, conferences and seminars.
- Improved language skills.
- Strengthened personal skills in the area of public health policies for Roma in Macedonia, advocacy for creating public policies, negotiation, presentation and communication skills.
- Enabling practical work in public and private health institutions and other professional organizations.
- Participation at public events and presentation of beneficiaries in public printed and electronic media at national level.
- Improved self-representation of Roma medical students amongst general Roma population;

MK

# Ариф ПИНИ

диплomиран лекар
по интерна медицина

Јас сум Ариф Пини и потекнувам од Гостивар. Дипломирав на Медицинскиот факултет во Скопје. Работам како лекар во ургентната единица во ЈЗУ „Ферид Мурад“ во Гостивар.

Во моментот сум на една година пред специјализација во областа на интерната медицина.

Сонував да станам лекар и Програмата за медицински стипендии за Роми ми го олесни патот до сонот.

EN

# Arif PINI

graduated doctor
at internal medicine

My name is Arif Pini and I come from Gostivar. I graduated at the Medical Faculty in Skopje. I work as a doctor in the Emergency unit at the PHI “Ferid Murad” in Gostivar.

Currently I am at one year before specialization in the area of internal medicine.

I dreamed to become a doctor and the Roma Health Scholarship Program facilitated my road towards my dream.





MK

Медицината за мене, пред сè е хумана професија и лична сатисфакција за да се подобри здравјето на луѓето.

Уште од мали нозе посакував да станам лекар. Сонував постојано и се стремев кон остварување на тој сон.

Денес работам како лекар во Ургентната единица во Гостивар.

EN

The medicine for me is humane profession and it is personal satisfaction to improve the health of people.

Since a young boy I desired to become a doctor. I have dreamed continuously and aimed at accomplishing my dream.

Today, I work as a doctor in the Emergency unit in Gostivar.





MK

Јас бев првиот Ром професор во средно медицинско училиште.

Имам долгогодишно искуство во граѓанскиот сектор, одлично го познавам ромското прашање. Повеќе години работам на подобрување на состојбата на Ромите.

EN

I was the first Roma professor at secondary medical school.

I have long years of experience in the civil society and I am very well familiarized with the Roma issue. For many years I work toward improving the situation of Roma.





МК

Да се биде лекар Ром претставува прекрасно чувство на задоволство бидејќи преку својата работа директно им помагам на сите пациенти, особено на Ромите. Од друга страна, помагам и позитивно влијаам за подобрување на сликата за Ромите помеѓу пошироката популација.

Патот кон успехот не е лесен, но со доволно труд, мотивација и јасна цел пред себе сѐ е можно.

По дипломирањето посакував да отворам приватна специјалистичка ординација.

Програмата ми овозможи да се запишам на специјализација и полека но сигурно се движам кон остварување на мојата желба и цел.

EN

To be a doctor who is Roma gives wonderful feeling of satisfaction because through my work I help directly to all patients, particularly to Roma. On other hand, I help and positively influencing over the perception for Roma amongst the general population.

The road towards success is not easy, however with enough effort, motivation and clear goal everything is possible.

After graduation I had a wish to open my own medical office.

RHSP enabled me to enrol at specialization studies and slowly but for sure I approach my wish and goal.



MK

# Салија ЉАТИФ

дипломиран лекар стоматолог

Јас сум Салија Љатиф и потекнувам од просечно ромско семејство. Живеам во Скопје, општина Шуто Оризари.

Дипломирав на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Програмата за медицински стипендии за Роми ми го олесни студирањето. Со финансиската помош успеав да дипломирам а останатите компоненти ме зајакнаа како личност.

Се гледам себеси како успешен стоматолог со сопствена ординација во најголемата ромска општина Шуто Оризари каде што можам да работам со своите луѓе, Ромите.

EN

# Salija Ljatif

graduated dentist

My name is Salija Ljatif and I come from ordinary Roma family. I live in Skopje in Suto Orizari municipality.

I graduated at the Faculty of Dentistry at the University "Ss Cyril and Methodius" in Skopje. RHSP made my studies much easier. With the financial assistance I managed to graduate and the other program components strengthened me as a person.

I see myself as a successful dentist with my own office in the largest Roma municipality - Suto Orizari, where I can work with my people, the Roma.





MK

Отсекогаш имав желба да студирам медицина, но пресудно беше и влијанието на моите родители кои го сфаќаат значењето на образованието.

Медицината е хумана наука, бара самопожртвуваност, а тоа соодвествува на мојот карактер како личност која сака да им помага на другите луѓе.

Јас бев стипендист на Програмата за медицински стипендии за Роми која ми помогна да се развијам како посветена личност која сака да придонесе за развојот на заедницата.

EN

Since always I had the desire to study medicine, but the influence of my parents was also crucial because they understand the importance of education.

The medicine is a humane science, requires self-sacrifice which is in identity with my personal character, a person who wants to help to other people.

I was a RHSP scholarship beneficiary and the program helped me to complete the studies and to develop myself as devoted person who want to contribute to the community.





МК

Активна сум во невладиниот сектор и денес работам како параправник во Здружението на граѓани „Ромски ресурсен центар“ во Шуто Оризари.

Помагам на дел од ромската заедница која има потреба од објаснување и помош во областа на остварувањето на правата од здравствената заштита и здравственото осигурување.

За мене е од огромно значење, пред сè како лекар, но и како Ром што можам да придонесам за олеснување на проблемите на најмаргинализираните Роми.

EN

I am active in the civil society and today I work as a para-legal in the Citizen's association "Roma Resource Center" in Suto Orizari.

I help to those Roma who are in need of advice and assistance in the area of achieving health insurance and health protection rights.

For me as a doctor and a Roma it is of enormous importance that I can contribute towards easing the life of most marginalized Roma.



MK

# Хадис АРСЛАНОВ

дипломиран лекар специјалист
за мобилна протетика

Јас сум Хадис Арсланов и потекнувам од Штип. Дипломирав на Медицинскиот факултет во Штип, како специјалист по мобилна протетика.

Во моментот сум на специјалистички студии.

Мотивација ми е да бидам првиот Ром специјалист по мобилна протетика. Програмата за медицински стипендии за Роми преку финансиската и менторската поддршка ми го оствари сонот.

EN

# Hadis ARSLANOV

graduated doctor
specialist for mobile prosthetics

My name is Hadis Arslanov and I come from Stip. I graduated at the Medical Faculty in Stip as Specialist for mobile prosthetics.

Currently I am enrolled at specialization studies.

My motivation is to become the first Roma specialist for mobile prosthetics. The RHSP through its financial and mentorship component realized my dream.





MK

По завршувањето на студиите имам желба да се вработам во мојата струка и да им помагам на луѓето.

Преку соработката со својот ментор, учествував на еден професионален семинар за стоматологија во Крушево каде што освоив прва награда - ваучер за работен курс за Метал-керамика кој што се одржа во Хрватска. По завршувањето на курсот, се стекнав со сертификат за мастер - протетичар за метални и неметални керамички заби.

EN

Upon graduation I want to work in my area of education and to help people.

Through the cooperation with my mentor, I participated at professional dental seminar in Krushevo where I won the first prize, voucher for vocational course for metal-ceramics that was held in Croatia.
I completed the course and gained certificate for master-prosthetics for metal and non-metal ceramic teeth.


Weekend with Promedika
ПРОМЕДИКА
30-31.05.2014
Ваучер работен курс за метал-керамика
DUCERAM KISS – Varaždin, R. Hrvatska



MK

Јас сум активен во граѓанскиот сектор и учествувам во разни активности поврзани со ромското население.

Мојот татко е ковач и има своја работилница. Тој е еден од врвните мајстори на својот занает во регионот. Изработува најразлични елементи од ковано железо како и челични конструкции. Уште од мали нозе под водство на татко ми, го научив ковачкиот занает и во слободното време му помагам во работилницата и на терен.

EN

I am active in the civil society and participate in various activities related to Roma population.

My father is a blacksmith and has its own workshop. He is one of the best craftsmen in his trade in the region. He makes various wrought iron ornaments and metal constructions. Since a little boy under guidance of my father I learned the craft and in my spare time I help him in the workshop and at the field.


ELEKTRA

MK

# Сара САЛИХА

студент, насока висока медицинска сестра

Јас сум Сара Салиха и потекнувам од Скопје, општина Ѓорче Петров. Студирам на Медицинскиот факултет во Скопје, насока висока медицинска сестра.

Повеќе од три години волонтирам во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во рамките на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје.

Мојa желба е да се вработам како медицинска сестра на Клиниката за гинекологија и акушерство.

EN

# Sara SALIHA

student, department of Senior Nurses

My name is Sara Saliha and I come from Skopje, municipality of Gjorce Petrov. I am studying at the Medical Faculty in Skopje, department of Senior Nurses.

I am volunteering for more than three years at the University Clinic of Gynaecology and Obstetrics, part of the Clinical center “Mother Teresa” in Skopje.

My desire is to be employed as a nurse at the Clinic of Gynaecology and Obstetrics.





MK

Јас сум единствената Ромка волонтер на Клиниката за гинекологија и акушерство.

Еден од моите најголеми проблеми е неможноста да се вработам како медицинска сестра и покрај тоа што го имам потребното искуство.

Моја желба е да се направат напори од страна на носителите на одлуки за полесно вработување на лицата кои имаат соодветно медицинско образование и искуство.

EN

I am the only Roma volunteer at the Clinic for Gynaecology and Obstetrics.

One of my biggest problems is the inability to find employment as a nurse even though I have the necessary experience.

My desire is the decision makers to invest efforts to facilitate the employment of those people who have the appropriate medical education and experience.





МК

Желбата да се запишам на медицина ја имам уште од мала. Тоа е хумана професија која ми овозможува да им помагам на другите.

Себеси се гледам како лице кое што работи во областа на медицината. Да успеам и да го постигнам мојот сон е мотивација која е доволно голема за да учам медицина.

Сепак, потекнувам од просечно семејство и поради лошата економска состојба не би можела да го остварам мојот сон без Програмата за медицински стипендии за Роми.

Дополнително, преку Програмата ги зајакнувам своите лични вештини и стекнувам нови знаења кои ќе ми помогнат да напредувам во својата кариера.

EN

Since a little girl I had the desire to study medicine. It is humane profession which allows me to help others.

Since always I imagined myself as a person who works in the area of medicine. To succeed and to achieve my dream is a motivation big enough for studying medicine.

However, I come from an ordinary family and due to the bad economic situation I could not accomplish my dream without the Roma Health Scholarship Program.

Furthermore, RHSP enhances my personal skills and I learn new things that will help me to advance in my professional career.



MK

# Селма ЕМИНОСКА

студент, насока лекар по општа медицина

Јас сум Селма Еминоска и потекнувам од Прилеп. Студирам на Медицинскиот факултет во Скопје, насока лекар по општа медицина.

Ја засакав медицината и одлучив да студирам со цел да се надградам и да специјализирам психијатрија.

Немаше да можам да ја остварам својата цел доколку не бев избрана за стипендист на Програмата за медицински стипендии за Роми.

EN

# Selma EMINOSKA

student, department of Doctor at General Medicine

My name is Selma Eminoska and I come from Prilep. Currently I am studying at the Faculty of Medicine in Skopje, department of Doctor at General Medicine.

I love medicine and decided to study in order to expand my knowledge and specialize in psychiatry.

I wouldn’t be able to accomplish my goal if I was not selected to benefit from the RHSP.





МК

Средното образование како медицинска сестра имаше големо влијание врз мојата мотивација да решам да продолжам на факултет по медицина. Ја засакав медицината и продолжив со цел да ги надградам моите капацитети и знаење.

Многу малку Роми се запишуваат на студии по медицина. Јас сакав да бидам позитивен пример за да ги мотивирам идните генерациии, меѓу кои е и мојата помала сестра која, исто така, учи медицина.

Медицината е хумана наука и ми овозможува да им помагам на луѓето.

EN

Enrolment in vocational medical school as a nurse had a big impact on my motivation to decide to continue my education at the Medical Faculty. I fell in love with the medicine and continued in order to build my capabilities and knowledge.

Very few Roma are enrolling at medical studies. I wanted to be a positive example to motivate future generations, including my younger sister who is also student at medicine.

Medicine is a humane science and allows me to help to people.





MK

Имам желба да специјализирам психијатрија и да се вработам на Клиниката за психијатрија.

Програмата за стипендирање е уникатна и овозможува академско надградување и поддршка во текот на студирањето и нè подготвува и за области надвор од медицината а сè со цел да станеме успешни лидери.

EN

I wish to specialise psychiatry and to be employed in the Clinic for Psychiatry.

The RHSP is unique and provides academic upgrading and support during the study and prepares us for areas outside the medicine in order to become successful leaders.



MK

# Пашија ФЕЈЗУЛА

Средно медицинско училиште, физиотерапевтски техничар

Јас сум Пашија Фејзула и потекнувам од просечно ромско семејство. Живеам во Скопје, општина Шуто Оризари.

Во моментот работам во невладина организација.

Бев стипендист на Програмата за медицински стипендии за Роми.

Во иднина се гледам како успешен физиотерапевт, вработена во некоја државна или приватна институција.

EN

# Pashija FEJZULA

Vocational medical school, physiotherapeutic technician

My name is Pashija Fejzula and I come from an average Roma family. I live in Skopje, Suto Orizari municipality.

Currently I work in a civil society organization.

I was RHSP beneficiary.

In future I see myself as successful physiotherapist, employed in public or private institution.





МК

Јас завршив средно медицинско училиште како физиотерапевтски техничар со одличен успех во ДСМУГС „Др. Панче Караѓозов“ во Скопје.

Татко ми работи како медицинско лице и речиси цел живот сум опкружена со грижа за пациенти. Оттаму е и мојата љубов за медицината и рехабилитацијата на пациентите. Физиотерапевтите како медицински кадар се помалку застапени од другите медицински струки, што беше и најголемата причина да се определам за оваа струка.

Сакам да се запишам на факултет, на Високата школа за физиотерапевти, меѓутоа, се одлучив да паузирам и најверојатно за краток период ќе влезам во студентските води. Во меѓувреме барав работа и во моментот сум проектно ангажирана во Ромскиот ресурсен центар во општината Шуто Оризари и работам на обезбедување на дополнителна поддршка во образованието на децата Роми.

Во иднина се гледам како успешен физиотерапевт, вработена во некоја државна или приватна институција.

Негувам љубов кон пишаниот збор, сакам да читам книги и во слободното време сакам да пишувам.

I graduated at the vocational medical school “Dr. Panche Karagjozov” in Skopje as physiotherapeutic technician with excellence.

My father works as a medical practitioner and almost in my whole life I am surrounded by patient care. That is from where my love for medicine and rehabilitation of patients comes. Physiotherapists as medical staff are less prevalent than other medical professions, which was the biggest reason to enrol in this profession.

I want to enrol at the Medical Faculty - Higher School of Physiotherapy, but I decided to pause and probably in a short period I will start my student experience. Meanwhile I was looking for a job and I am currently engaged on a project basis in the Roma Resource Center in Shuto Orizari and I work in the field of providing additional support for the education of Roma children.

In the future I see myself as a successful physiotherapist working in a public or private institution.

I love literature and in my free time I love to read books and to write.







MK

## Сабина ЉАТИФ

студент, насока лекар по дентална медицина

Јас сум Сабина Љатиф и потекнувам од просечно ромско семејство. Живеам во Скопје, општина Шуто Оризари.

Во моментот студирам на Стоматолошкиот факултет во Скопје, насока лекар по дентална медицина.

Без помошта на Програмата за медицински стипендии за Роми немаше да можам да чекорам кон остварување на мојата животна желба.

EN

## Sabina LJATIF

student, department Doctor of Dental medicine

My name is Sabina Ljatif and I come from an average Roma family. I live in Skopje, municipality of Suto Orizari.

Currently I study at the Faculty of Dentistry, at the department Doctor of Dental Medicine.

Without the help of RHSP I wouldn't be able to walk towards achieving my lifetime wish.


ТОТАЛНА ПРОТЕЗА



MK

Мојата постара сестра која е дипломиран стоматолог ми беше мотивација да се запишам во средно медицинско училиште, насока забен техничар. Таму успеав да се пронајдам себеси и во работата како иден стоматолог.

За едно семејство со просечни примања е многу тешко економски да издржува двајца студенти. Да не бев избрана за стипендист на Програмата, немаше да можам да студирам.

Сакам да запишам специјализација и да работам на подобрување на денталното здравје на населението, особено на ромското население.

EN

My older sister who graduated at the Faculty of Dentistry was my motivation to enrol at vocational medical school as dental technician. There I found my future profession as a dentist.

For a family with average income is very difficult to financially support two students. I woudn't study now if I was not selected as beneficiary of the RHSP.

I want to enrol at specialization and to work at improving the dental health of the population, especially of Roma.





MK

Јас сакам да пренесувам искуства и да помагам во образованието на помладите особено на моите врсници Роми. Досега имам добиено сертификати за обучувач и искуство како едукатор-врсник за ХИВ сида и фацилитатор за теми поврзани со денталната медицина.

Програмата е заслужна за најголемиот дел од моите стекнати вештини, како и за мојот развој како лидер во својата заедница.

EN

I want to convey experiences and to help in education of young people, especially to my peers Roma. So far I have gained certificates as trainer and experience as peer-educator for HIV AIDS and facilitator on topics related to dentistry.

The program takes the credit for most of my acquired skills and for my development as a leader in my community.





МК

Сакам да учам и многу ја сакам медицината. Како средношколец имам учествувано на повеќе национални натпревари и имам освоено први места на натпревари по хемија и по математика.

Себеси се изразувам преку уметноста, тоа ме исполнува и своето слободно време го користам за цртање.

EN

I want to learn and I love medicine a lot. As a high school student I have participated in many national competitions and won first places at contests in chemistry and mathematics.

I express myself through art, it satisfies me and I use my free time to draw.



MK

# Ерол ФУАД

студент, насока лабораториски биоинженер

Јас сум Ерол Фуад. Потекнувам од скромно ромско семејство. Живеам во Скопје, во населбата Топаана.

Јас сум единствениот Ром кој студира на отсекот Лабораториски биоинженеринг при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

За моето семејство е многу тешко да издржува двајца студенти и без помошта од Програмата за медицински стипендии за Роми немаше да можам да ја остварам мојата цел.

EN

# Erol FUAD

student, department of Laboratory Bioengineer

My name is Erol Fuad and I come from a modest Roma family. I live in Skopje, in the Topaana settlement.

I am the only Roma student at the department of Laboratory bioengineering at the Faculty of Pharmacy in Skopje.

For my family is extremely difficult to support two students. Without the help of RHSP I wouldn’t be able to accomplish my goal.





MK

Мојата постара сестра која исто така студира медицина беше мојата мотивација да се запишам во средно медицинско училиште на насоката лаборант. Оттаму ја засакав професијата лабораториски биоинженеринг која како експериментална струка мотивира за успех.

Желба ми е да работам како лабораториски биоинженер и се надевам дека додека завршам со студии, ќе се создадат можности за поголем број на Роми да се вработат во државните здравствени установи.

EN

My older sister who is also studying at the Medical Faculty was my motivation to enroll at vocational medical school as laboratory technician. Hence I started to love the profession of laboratory bioengineer which is experimental profession that motivates me for success.

I have desire to work as a laboratory bioengineer and I hope that until I graduate opportunities will occur for increasing the number of employed Roma in public health institutions.





MK

Преку програмата постојано се надградувам како академски граѓанин со цел да станам успешен Ром.

Живеам во втората по големина ромска населба во Скопје и многу добро сум запознаен со проблемите на ромската популација, особено во областа на здравството. По моето дипломирање, очекувам дека во рамките на моите можности ќе можам да придонесам како во подобрувањето на состојбата на Ромите во општеството.

EN

Through the RHSP I upgrade myself as academic citizen to become successful Roma.

I live in the second largest Roma settlement in Skopje and I am very well aware of the problems of the Roma population, especially in the area of health. After my graduation I expect that within my abilities I can contribute to improve the situation of Roma in the society.



MK

# Ерол УКО

студент, насока лекар по општа медицина

Јас сум Ерол Уко и потекнувам од Гостивар. Студирам на Медицинскиот факултет во Скопје, насока лекар по општа медицина.

Ја сакам медицината и сакам да специјализирам педијатрија. Се гледам како педијатар кој им помага на најмладите.

EN

# Erol UKO

student, department of Doctor at General Medicine

My name is Erol Uko and I come from Gostivar. I am studying at the Medical Faculty in Skopje, department of Doctor at General Medicine.

I love medicine and I want to specialize in paediatrics. I see myself as a paediatrician who helps to the youngest.





MK

Поголем дел од луѓето во мојата фамилија се на работни места поврзани со медицината што придонесе да се одлучам за изучување на медицината.

Уште од мали нозе се гледам како педијатар. Тоа е хумана професија која помага на луѓето за нивно подобро здравје.

EN

Most of the people in my family have professions associated with the medicine that contributed to decide to study medicine.

Since always I imagined myself as paediatrician. It is humane profession that helps people for their better health.





МК

Се радувам што сум стипендист на Програмата за медицински стипендии за Роми која за мене е комплетна програма неопходна за развој на интелектуалните капацитети на идните лидери во заедницата.

Како резултат на програмата учествувам на многу обуки на теми важни за мојот личен развој, комуницирам со останатите Роми стипендисти со цел заедно, откако ќе дипломираме, да придонесеме за подобрување на здравјето на ромската популација.

Верувам дека со зголемувањето на бројот на едуциран ромски медицински кадар ќе се придонесе и за зголемување на бројот на вработени Роми во јавните здравствени институции што директно ќе придонесе за намалување на дискриминацијата на ромската популација во здравството.

EN

I am glad that I am RHSP beneficiary, which for me represents a complete program necessary for the development of the intellectual capacities of future leaders in the community.

As a result of the program I participate at trainings on topics relevant to my personal development, I communicate with other Roma fellows in order together after graduation, to contribute to improved health of the Roma population.

I believe that increasing the number of educated Roma medical staff will contribute to increasing the number of employed Roma in public health institutions that will directly contribute to reducing discrimination against Roma in the healthcare.



MK

# Мукадес ИЛЈАЗ

ученик во средно медицинско училиште,
медицинска сестра

Јас сум Мукадес Илјаз и потекнувам од Скопје, општина Шуто Оризари.

Учам во средното медицинско училиште „Д-р. Панче Караѓозов“ во Скопје, насока медицинска сестра.

Мојa желба е да се запишам на Медицинскиот факултет во Скопје, на одделот за општа медицина.

Јас сум стипендист на Програмата за медицински стипендии за Роми. Се гледам како лекар вработен во здравствена установа.

EN

# Mukades ILJAZ

student at secondary medical school,
nurse

My name is Mukades Iljaz and I come from Skopje, municipality of Suto Orizari.

I study at the secondary medical school “Dr. Panche Karagjozov “in Skopje, at the department medical nurse.

My desire is to enrol at the Medical Faculty, department of Doctor at General Medicine.

I am a RHSP beneficiary. I see myself as a doctor employed in a health institution.





MK

Уште од мала сакам да станам лекар,  и да им помагам на луѓето. Медицината е област која ми овозможува да им помагам на другите, но и да го остварам својот сон.

Остварувањето на мојот сон, да бидам лекар, е доволна мотивација да учам медицина.

EN

Since a little, I wanted to become a doctor, and to help people. Medicine is a field that allows me to help others, but also to accomplish my dream.

Accomplishing my dream, to become a doctor, is sufficient motivation for me to study medicine.





MK

Мојата мотивација ја поттикна и мојот брат кој исто така учеше во средно медицинско училиште. Како ученик во средно училиште, Програмата за медицински стипендии за Роми ми помогна сигурно да зачекорам кон остварувањето на мојот сон. Преку менторската помош јас веќе работам на сопствено надградување за да можам во иднина да станам успешен лекар.

Учеството на разни обуки и други активности ми помата да се запознаам поблиску со проблемите на ромската заедница што во иднина ќе ми помогне да постанам добар застапувач за ромското прашање.

EN

My motivation was encouraged by my brother who also studied at secondary medical school. As a secondary school student, the Roma Health Scholarship Program helped me to safely move towards achieving my dream. Through the mentoring component I am already working on concrete steps for upgrading my personal skills so I can become a successful doctor in the future.

The participation at various trainings and other activities helps me to meet closer problems of the Roma community which in the future will help me to become a good advocate for Roma issues.



Здружение на граѓани за поддршка на
маргинализирани групи
“Ромски ресурсен центар“ Скопје

ул. “Виетнамска“ бр. 9
Шуто Оризари
1000 Скопје
Македонија

Телефон: +389 22 603 083
е-маил: info@rrc.org.mk
веб страна: www.rrc.org.mk

Citizen’s association for support of
marginalized groups
“Roma Resource Center“ Skopje

str. “Vietnamska“ no. 9
Suto Orizari
1000 Skopje
Macedonia

Phone: +389 22 603 083
E-mail: info@rrc.org.mk
Web: www.rrc.org.mk

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

ROMA EDUCATION FUND

Roma Resource Center
Ромски Ресурсен Центар
Romano Resursno Centro
Train, Coach, Research, Assess, Analize